Број: 11 – 515/3
Датум: 17.02.2025
Скопје

Врз основа на член 22 и член 50, став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/2024), а во врска со дел II Проектни активности, точка 2. Еднократна финансиска поддршка за културни активности (Службен гласник на Општина Карпош бр. 21/2024), а во врска со член 2 од Одлуката за објавување на Јавен оглас за Еднократна финансиска поддршка за културни активности бр. 11-515/2 од 17.01.2025 година Комисија за реализирање на Карпошово културно лето 2025, Еднократна финансиска поддршка за културни активности и Финансиска поддршка за проекти од културата, објавува

# Јавен оглас
# за доделување на Еднократна финансиска поддршка за културни активности

## I. Право на пријавување

Право на пријавување имаат сите заинтересирани физички лица, жители на Општина Карпош, и правни лица регистрирани во Општина Карпош кои имаат потреба за подршка на креативни интересни проекти и активности кои придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко. Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

## II. Потребни документи и услови за учество

- Жители на Општина Карпош и
- Изработен проект со Финансиски план на проектот.

## III. Критериуми за доделување на финансиска поддршка

- досегашни и идни планирани домашни и меѓународни настапи,
- постигнати успеси,
- проектот да е од посебен интерес од областа на културата

## IV. Висина на финансиската поддршка и рангирање

Вкупната предвидена финансиска рамка која е обезбедена од општината за Еднократна финансиска поддршка за културни активности е во висина од 300.000,00 денари.Комисијата е должна доставената документација претходно да ја проверува, да подготвува мислење и истите да ги достави до Градоначалниот. Висината на оваа финансиска подршка е до 30.000,00 денари и ќе се доделува еднаш годишно.

## V. Начин на пријавување

Документите можат да се достават по пошта на ул. Радика бр.9 - Скопје или во Архивата на Општина Карпош барака бр.2.

## VI. Рок за поднесување на документите

Огласот трае до исцрпување на предвидените финансиски средства, но со услов одобрените средства да бидат реализирани најдоцна до 31.10.2025 година.

ОПШТИНА КАРПОШ
Комисија за Еднократна финансиска поддршка
за културни активности